**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ**
**-СЕКТОР ЗА ПРЕМЕР И КАТАСТАР-**
**С К О П Ј Е**

1105/Дн.бр.4817 од 24.08.2005 година

Државен завод за геодетски работи - Сектор за премер и катастар - Скопје, врз основа на член 24 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (Сл.весник на СРМ бр.17/91) и член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.38/05) по спроведена постапка на излагање на јавен увид на податоците од премерот на недвижностите со утврдување на правата на недвижностите, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува содржината на недвижноста во пописниот лист бр.4965 КО Гази Баба, кој се состои од :

- објект кој се наоѓа на : КП 2274/1 , зграда бр.2, влез 1, приземје, со вкупна корисна површина од 273м2 и КП 2274/1 , зграда бр.2, влез 1, приземје-помошни површини, со корисна површина од 3м2, односно со вкупна корисна површина од 276м2.

2. На недвижноста од точка 1 на ова решение се утврдува правото на СОСОПСТВЕНОСТ , врз основа на: одобрение за изградба бр.07-3637/1/66, издадено од Републички секретаријат за индустрија и трговија ; одобрение за изградба бр.07-2308/1/65, издадено од Републички секретаријат за индустрија и трговија; договор за физичка делба ОДУ.бр.76/02, солемнизиран од нотар Боривој Стојкоски , договор за физичка делба ОДУ.бр.399/05, солемнизиран од нотар Боривој Стојкоски, а како носители на правото на недвижноста се запишуваат-

- **МИТТАЛ СТЕЕЛ СКОПЈЕ (ХРМ) АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ СО ТОПЛОВАЛАНИ ТРАКИ** од Скопје, ул. „16-та Македонска бригада„ бр.18.
- **МАКСТИЛ АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ПРОИЗВОДИ ЗА ЦРНА МЕТАЛУРГИЈА** од Скопје, ул.„16-та Македонска бригада„бр.18.

3. На недвижноста од точка 1 на ова решение нема прибележувања сврзани со правото на недвижноста.

4. Во катастарот на недвижностите за КО Гази Баба со ова решение се врши упис на податоците за недвижностите и за носителите, како што е тоа наведено во ова решение.

Ова решение стапува во сила откако Државниот завод за геодетски работи ќе донесе решение за примена на востановениот катастар на недвижностите за КО Гази Баба, кое решение за примена се објавува во Службен весник на Република Македонија.

## Образложение

Државен завод за геодетски работи- Сектор за премер и катастар -Скопје, во постапката на излагањето на јавен увид на податоците од премерот на недвижностите за КО Гази Баба, изврши излагање на јавен увид на податоците од премерот на недвижноста, запишана во пописниот лист бр.4965 КО Гази Баба, објект изграден на КП 2274/1 КО Гази Баба .

Притоа во постапката се утврди дека за заедничкиот простор од објектот, изграден на КП 2274/1 КО Гази Баба, постои основ за запишување врз основа на :

Недвижноста означена како **КП 2274** КО Гази Баба, претставува градежно изградено земјиште со вкупна површина од 25669м2, од која :

-земјиште под зграда 1 - 210м2;
-земјиште под зграда 2 - 311м2;
-земјиште под зграда 3 - 2732м2;
-земјиште под зграда 4 - 15м2 и
-градежно неизградено земјиште со површина од 22346м2.

Според податоците од постојната катастарска евиденција за КО Скопје, КП 2274 КО Гази Баба претставува дел од КП 12826/1 КО Скопје .

Опишаната недвижност како своја сопственост ја пријави РЖ ВАЛАВНИЦА ЗА ЛЕНТИ, која и ја користи на самото место , со напомена дека дел од недвижноста во површина од 55м2 претставува дел од пат, и овој дел издвоен е во КП 2274/2.

Објектите не се евидентирани во катастарската евиденција за КО Скопје, со тоа што зграда 2 и зграда 3 ги пријавија како заедничка сопственост РЖ ВАЛАВНИЦА ЗА ЛЕНТИ и МАКСТИЛ. За истите доставени се и одобренија за градба бр. 07-3637/1-65 од 19.03.1966 година со проект (сосопственост - зграда 2) и бр. 07 - 2308/1 од 6.12.1965 за зграда 3 која не е предмет на етажно премерување.

За зграда 1 и зграда 2 не е доставена соодветна градежно техничка документација и истите се евидентираат во евидентен лист на имателот РЖ ВАЛАВНИЦА ЗА ЛЕНТИ.

Врз основа на горе наведеното се утврди дека погоре наведените одобренија за градба претставуваат основ за запишување во катастарот на недвижностите за КО Гази Баба, во смисла на чл.58 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (Сл.весник бр.27/86 и бр.17/91), и притоа согласно член 70 од погоре наведениот Закон донесе решение како во диспозитивот.

Во поглед на утврдените права на податоците од премерот на недвижностите не е допуштена жалба.

За запишаните права на недвижностите може да се покрене спор пред надлежниот суд.

ПОУКА: Против ова решение во поглед на податоците од премерот на недвижностите, (површина, катастарска култура и катастарска класа) може да се изјави жалба до Владата на Република Македонија-Комисија за решавање на управни работи во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишување на правата на недвижностите, во рок од 15 дена, од денот на приемот на решението.

Жалбата се поднесува преку Државен завод за геодетски работи-Сектор за премер и катастар-Скопје со 250,00 денари административна такса.

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ**
**-Сектор за премер и катастар - Скопје**

Пом.раководител,

ПОПЕВСКА ЉУПКА, дипл.правник